# Скопје

| Број 30 | Година VI | 26 јули 2013г. |

Бесплатен примерок



## СКОПЈЕ 26.7.1963 СЕ СЕЌАВА

50 ГОДИНИ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ

КОГА СЀ ЗАСТАНА **ЉУБОВТА ПРОДОЛЖИ**

КОГА СЀ ЗАСТАНА **ХРАБРОСТА ПРОДОЛЖИ**

КОГА СЀ ЗАСТАНА **СОЛИДАРНОСТА ПРОДОЛЖИ**



**Почитувани сограѓани,**

Деновиве, Скопје се сеќава на раните утрински часови на 26 јули 1963 година, кога во 5 часот и 17 минути, по серија потреси, беше уништено се она што генерации скопјани од сите националности го имаа создавано, кога згаснаа животите на 1 070 жители на главниот град на Република Македонија, кога беа повредени околу 3 000 наши сограѓани и околу 200 000 скопјани останаа без своите домови.

Земјотресот го разори Скопје, однесе многу животи и остави пустош и тага зад себе.

Исчезнаа многу домови, училишта, болници, културно – историски споменици, кои беа обележја на Скопје и кои со својата убавина го красеа градот, згаснаа илјадници надежи, семејни планови, индивидуални сонови за високо образование, планови за создавање сопствени семејства, за миг Скопје се претвори во напуштен град.

Се застана, за момент.

Жителите на Скопје не се предадоа. Со сиот жар и енергија веднаш се зафатија со спасување човечки животи од под урнатините, со обезбедување елементарни потреби за преживување, со санирање на штетата од уривачката моќ на природата и преземање активности за спречување на уште поголема трагедија.

По сета таа катастрофа, човечките вредности, хуманоста, солидарноста и меѓуетничкиот соживот дадоа импулс за интензивирана градителска посветеност. Жителите на Скопје од сите националности, Македонци, Албанци, Бошњаци, Власи, Турци, Роми, Евреи, Срби, Хрвати, Црногорци и сите други, беа единствени, рамо до рамо и го подигнаа Скопје, во тоа што е денес.

Скопје стана симбол на почетокот на модерната урбанизација, од правта на земјотресот во еден кус период градот се обиде повторно да фати чекор со современите текови на европската архитектура.

Под Платформата „Скопје се сеќава", оваа година, во духот на 50-годишнината од скопскиот земјотрес, Градот Скопје, преку низа манифестации, се обиде да потсети на далечната `63-та година, за никогаш да не се повтори.

Скопје немаше да го добие епитетот „Град на солидарноста" доколку помошта не пристигнеше од сите страни, притоа уривајќи ги сите гранични препреки меѓу државите во светот.

Почитувани,

Во последните десетина години Скопје забрзано се урбанизира. Се градат нови станбени згради и домови, нови трговски центри, хотели, деловни објекти, се гради и обновува инфраструктурата, се градат концертни сали, плоштади музеи, мостови и театри, се градат училишта и патишта, се уредуваат зелените површини како што и доликува на метропола со европски лик.

Скопје денес е главен образовен, административен центар на Република Македонија, каде што по широки булевари, нови мостови, во нови административни и културно-деловни објекти на едно високо ниво комуницираме со меѓународната јавност и соседството.

Пред нас се нови предизвици за создавање инфраструктурни услови за подобар живот на граѓаните на Скопје од сите националности, повисок степен на меѓуетнички соживот и



толеранција, исполнувајќи ги стандардите и приближувајќи се на високо развиените главни градови.

Ја користам оваа можност од мое лично име, како градоначалник на Град Скопје и од името на жителите на Скопје, да им се заблагодарам на земјите кои му дадоа живот на опустошеното Скопје во `63-та, истовремено да изразам почит на жртвите во земјотресот.

Воедно сакам да се заблагодарам и на сите жители кои со својата хуманост спасија и извлекоа многу повредени од под урнатините, некои од нив тогаш деца, денес возрасни граѓани, кои сведочат за една од најголемите природни катастрофи на човековото постоење.

Ќе се заблагодарам и на присутните претставници од меѓународната заедница од земјите кои несебично ја покажале хуманоста на дело!

Градоначалник на Град Скопје,
Коце Трајановски


**„СКОПЈЕ“**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 82
**Телефон**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн и печат**
Графички Центар Скопје

# СКОПЈЕ ПРЕД













# ЗЕМЈОТРЕСОТ













Скопје се сеќава...

# КАДЕ ЌЕ ЖИВЕЕМЕ СЕГА КОГА НЕМАМЕ ГРАД?



Лазар Дракул

Тивко јулско утро. Атмосферата во патничкиот авион што леташе на релација Атина - Париз беше вообичаена. Пилотот ги проверуваше координатите на летот уште еднаш, иако сето тоа и на сон го знаеше. Веќе наближуваше кон Скопје. На радиостаницата почна да ја бара фреквенцијата за да ја чуе контролата на летање задолжена за летовите над овој дел на Македонија. Во слушалките допираше само некакво шуштење. Тоа малку го збунуваше, но знаеше дека и техниката знае понекогаш да затаи.

- Контрола на летање, дали се слушаме, прием?

Од таму повторно шуштење. Се обиде уште еднаш, но исходот беше ист. Никаков контакт. Копилотот ја повтори истата постапка, но и тој не успеа да оствари контакт. Пилотот фрли поглед на часовникот и забележа дека е точно 5 часот и 17 минути, а потоа погледна низ прозорецот и она што го виде долу му го зема здивот.

- Менувај ја фреквенцијата, овде нешто се случува! - му викна на копилотот.

- Контрола на летање, според моите пресметки треба да се наоѓаме над Скопје, но долу гледаме само некаква прашина. Скопје го нема, можете ли да ни кажете што се случува, прием ?

Ова беше прва информација што допре во светската јавност во моментот на големата катастрофа што го погоди Скопје. Вака ја започнува својата приказна Лазар М. Дракул, писател, долгогодишен новинар и фоторепортер на „Илустрована политика", сведок и учесник во спасувањето на граѓаните кои во првиот момент по земјотресот на 26 јули 1963 година се најдоа под урнатините.



## ЛИЧНАТА ПРИКАЗНА

„Во таа трагедија најлошо беше што во градот немаше многу млади луѓе што можеа да помогнат по првиот удар. Тогаш ретко кој одеше во Охрид, Преспа или Дојран, туку повеќето одеа по селата и градовите во внатрешноста. Во тој период, сеуште беа живи селата. Скопје тогаш беше пусто и празно. Во градот останаа само тие што немаше каде да одат. Еден од нив бев и јас. Живеев на улицата Орце Николов. Во 1962 година се случи поплавата, а пролетта 1963 година Скопје го погоди слаб земјотрес од кој паднаа оџаците на многу куќи. Но, тој земјотрес бргу го заборавивме бидејќи поплавата предизвика поплавување на приземјата на објектите, па зимата и пролетта сите беа ангажирани со сушење на душемињата и покуќнината што скапуваше од водата, така што многу не му придадовме важност на тој знак. Ден пред катастрофалниот земјотрес, ништо не наговестуваше дека ќе се случи најголемата трагедија на нашиот град.

Првиот знак кај мене се јави околу 4 часот наутро. Имено, во блиското соседство имаше едно врзано куче кое постојано лаеше, обидувајќи се дури да го искине синџирот со кој беше врзано. Тоа ми беше малку невообичаено, зашто дотогаш кучето никогаш не беше агресивно. Излегов во дворот да проверам што се



околу пет шест души и почнавме кај оние што мислевме дека најмногу им е потребна нашата помош. Навистина беа грозни сцените,

случува, мислејќи дека можеби е некој крадец. Не забележав ништо чудно и се вратив дома во својот кревет. По некое време, почнав да слушам некакво удирање од подот, проследено со силна бучава. Бидејќи живеев на приземје брзо истрчав надвор, но не можев да се движам бидејќи земјата се брануваше. Земјотрес! Од нашиот ред куќите останаа целосни, но од спротива, бидејќи сите беа новоградби во приватна режија, во ист момент, по целата должина, од раскрсницата со сегашниот булевар Свети Климент Охридски, до раскрсницата со Ленинова, куќите се урнаа како кула од карти. Она што беше приземје отиде во визбите. Тука доста кумуваше лошата и нестручна градба, како и импровизираните надградби. Таа страна на улицата Орце Николов сета беше во шут и во прав. Најгрозно нешто во тој момент беа пискотниците за помош што доаѓаа од сите страни. Откога се крена правот, не можевме да им поверуваме на очите. Веднаш почнавме со вадење на приклештените и затрупани луѓе, но не знаевме каде попрво да почнеме. Токму тогаш почувствував колку ни недостасуваат другарите, кои тогаш не беа во Скопје. Се собравме

кога мислејќи дека сме дошле до некој човек, во нашите раце остануваа откинати екстремитети од човечки тела. Се протнувавме меѓу плочите долу, обидувајќи се да допреме до оние што упорно ја бараа нашата помош. Правта ни навлегуваше во носот, во устата, но тоа не не запираше. Работевме со раце, механички, без да размислуваме дали некоја плоча може да не приклешти, бидејќи почвата во Скопје уште долго по земјотресот не мируваше. Немаше ниту пречка ниту пак страв што можеше да не поколеба. Тогаш сфатив дека мораме сами меѓу себе да си



пружиме помош. Во тој момент целото маало ечеше од пискотници. По неполн час од ударот дојде војската од Куманово и ни се придружи во спасувањето. Со нив беше еден старешина Пере, не му го помнам презимето, кој буквално не знаеше да запре. Се протнуваше под плочите, копаше, ги вадеше тулите. Најлошо беше што можеше се да се урне и нас да не затрупа. Но, во тие моменти воопшто не мислевме на тоа. Кога дојде војската добивме некаква сигурност, некаква поткрепа дека не сме сами. По неколку часови почнаа со камиони да доаѓаат доброволци од Прилеп, Тетово, Куманово и Велес. Проблем беше што и тие беа голораки, бевме без механизација. Дотогаш немавме видено булдожер. Прекината беше и струјата и водата. Војската со староседелците го понесе целиот товар на спасувањето. Така беше некаде до пладнето. Кога се смрачи беше воведен полициски час и моравме да чекаме да се раздени за да продолжиме со спасувањето. Никој не можеше да спие бидејќи постојано се случуваа потреси. Веќе третиот ден војската почна подобро да се организира и да го оддалечува цивилното население од урнатините. Граѓаните можеа да ги следат работите околу спасувањето, но директно не учествуваа. Тоа беше направено од безбедносни причини. На просторот каде што денес се наоѓа градското собрание се наоѓаше најголемото прифатилиште за оние што останаа без покрив над главата. Таму беа подигнати големи шатори со броеви, а целиот комплекс беше осветлен, имаше кујна и импровизирана пошта. Почнавме да добиваме млеко и леб ставе-



ни во големи кошови"– се сеќава Дракул.

## СРЕДБАТА СО ТИТО

„Тито уште наредниот ден го посети Скопје со својата делегација, а средбата со него ми остави голем впечаток. Во време кога беше потребна исклучителна храброст да му се обратиш на таков великан, јас се осмелив да проговорам и му реков:

- Друже, дали може нешто да ве прашам? – изустев.

- Прашајте слободно друже! – ми одговори тој.

- Каде ќе живееме сега кога немаме град? – прашав низ солзи.

- Немојте да се грижите. Јас уште денеска кога ќе се вратам во Белград ќе отидам во градското собрание и ќе упатам апел за помош на Скопје, а утре ќе повикам да помогнат и сите други држави – ми одговори тој.

Животот во прифатилиштата под шаторите почна да се одвива, колку-толку, нормално. Секоја средба меѓу луѓето започнуваше со прашувањето дали се сите живи, а потоа се друго. По извесно време пристигна голема воена единица од СССР, носејќи со себе и огромна механизација. Русите започнаа со расчистувањето на урнатините кај поранешниот плоштад „Слобода", вадејќи тула по тула од купиштата шут. Граѓаните не го разбираа нивниот метод на работа, сметајќи дека така се губи драгоцено време. Но, на овој начин, од под урнатините беа извлечени уште преживеани.

Исклучително силен впечаток ми остави средбата со тогашниот претседател на КП на СССР Никита Хрушчов. Стоев во неврзан муабет со управникот на прифатилиштето во Градскиот парк. Одеднаш пред нас запре автомобил, без никаква најава, ниту пак обезбедување, и од него излезе Никита Хрушчов.

- Здравствујте товариши! Како сте?

Во првиот момент останавме стаписани пред лидерот на најголемата држава во светот, но брзо се соземавме и му одговоривме дека сме добри. Тој не одмери, малку се насевна и не повика да го придружуваме во неговата посета на прифатилиштето. Хрушчов уште еднаш дојде во Скопје, но подоцна беше сменет од својата функција", раскажува Дракул.



„По извесно време Скопје почнаа да го посетуваат и многу други светски делегации, новинари, патници-намерници. Градот полека почна да се претвора во огромно градилиште, каде што од пепелот на урнатините почнаа да никнуваат нови објекти. Беа изградени цели населби со монтажни бараки, во кои скопјани почнаа да се сместуваат и повторно се врати животот онаму каде што природната стихија за миг го запре. Многубројните работни акции само го забрзаа растот на нашиот главен град, а кобниот 26 јули 1963 година останува како датум паметник за сите генерации минати и идни", ја завршува својата приказна Лазар М. Дракул, херојот на денот во времето кога за да се биде херој, требало да се има вистинско срце... Херој кој заслужува голема благодарност!

„5 и 17"

Своите сеќавања за земјотресот, Дракул ги сместил во романот „5 и 17", првото и единствено прозно дело за кобниот земјотрес. Во него, на автентичен начин се опишуваат настаните и судбините чиј сведок бил тој, а главни ликови се една старица и дете.

# ЗЕМЈОТРЕС, ЗЕМЈОТРЕС!!! КАТАСТРОФА!



Кирил Спасовски

„Ме разбуди тресење. Несвесен што се случува, го слушнав брат ми како вика „скокај низ прозорецот, брзо скокај низ прозорецот!!“ Живеевме во куќа во населбата Кисела Вода. Мајка ми во паника само вика „деца, деца.“ без можност нешто конкретно да направи, да ни даде совет. Надвор соседи во пижами, избезумени, во паника. Од центарот на градот кон Кисела вода се движеше огромен облак од прав. Земјата се уште се тресеше, луѓето панично викаа... Земјотрес, земјотрес!!! Катастрофа!

Имав 17 години, бев уплашен, збунет, вознемирен. Но, немав време да се занимавам со себе, бев загрижен за роднините, другарите... каде се, дали се добри, дали некој од нив е повреден. Се надевав дека сите се добри!

Го земав велосипедот и тргнав да видам што се случило со моите роднини кои тогаш живеја во Чаир. По пат сите брзаат, урнатини, паднати дуќани, преполовени згради. Моите роднини за среќа беа живи и здрави, но истовремено ме информираа дека најголеми штети се направени во центарот на Скопје, каде што живееја неколку мои другари. До ден-денес се сеќавам како на глас ги изговарав нивните имиња, стравувајќи за нив и за нивните животи. Глетката беше ужасна, не можев и не сакав да верувам во она што го гледам! На денешната улица Македонија беше урната зграда во која живееше мојот школски другар, Зоран Јашмак, кој беше затрупан во урнатините. Му го слушнав гласот. Многу луѓе беа насобрани на местото, каде што од под неколку редици бетон слушавме како бара помош. Со голи раце се обидувавме да ги отстраниме малку по малку купиштата бетон, но наеднаш се слушна силен звук, бетонот се лизгаше, а гласот на мојот другар го снема.

Ништо не можевме да сториме. Следната година кога тргнавме на училиште, тој и Смиља Симиќ не се појавија на училиште, ни кажаа дека починале под урнатините.

Луѓето не запреа, помош беше потребна насекаде. Продолжив со велосипедот кон Карпош, попат ме запре еден човек кој копаше под урнатините, „момче застани те молам“ ми рече. Неговата мајка беше под урнатините, а тој се обидуваше да крене една плоча под која се наоѓаше таа. Тој ја креваше плочата, а јас ја влечев жената, давајќи се од себе, но некако ја излековме. Се тресев од умор и возбуда, но на крај бев среќен. Жената офкаше, незнам дали имаше посериозни повреди, но беше безбедна. Тој ден ова беше честа слика во Скопје. Луѓето се помагаа, се грижеа едни за други...

Спиевме на ќебиња, во шатори, учествувавме во акции.. .сакавме да го расчистиме нашето Скопје.“

(Раскажува Кирил Спасовски. денес 67 годишен пензионер)



Скопје се сеќава...



# ПРВИОТ НОВИНАРСКИ ИЗВЕШТАЈ ОД РАЗУРНАТИОТ ГРАД

„Утринава во 5:15 часот земјотрес со катастрофални размери и ураганска сила го разурна поголемиот дел од главниот град на Македонија, Скопје. Три силни потреси, од кои првиот во 5:17, а последниот во 5:43 часот, го претворија овој убав град на брегот на реката Вардар во застрашувачка глетка на рушевини и пустош" – со овие зборови новинарот Јован Поповски го започнува првиот новинарски извештај со кој му јави на светот за разурнувачкиот земјотрес што го срамни со земја Скопје на 26 јули 1963 година.

Тоа кобно јулско утро во 5 часот и 17 минути животот на Скопје и на неговите жители засекогаш се промени. Страотните слики од разурнатите згради и куќи, жртвите затрупани под урнатините и луѓето кои молат за помош, хororот и ужасот на улиците на Скопје засекогаш ќе останат запаметени на тој пеколен ден. Во тие моменти важно било да се реагира брзо и трезвено. Некој требало да ја пренесе веста за несреќата што ги снајде скопјани. Морало да се побара помош. Новинарската легенда Јован Поповски е првиот кој ќе ја пренесе веста за разорниот земјотрес што го погоди нашиот град. Веста ја испраќа на српскиот весник „Политика", истото утро, во 6 часот и 30 минути. Немајќи друга можност, тој се качил на една телефонска бандера крај кејот на Вардар и помогнат од поштарот кој воспоставил врска со Белград, го рапортирал првиот извештај. Бидејќи немал подготвен текст, Поповски ги искористил довикувањата на граѓаните кои се собрале околу него и му ги носеле вестите за градот кој само што исчезнал пред нивните очи.

Не му било тешко неколку часа да остане качен на бандерата и да пренесува нови вести, кои потоа се ширеле низ светот. Со овој чин светот брзо дознал за несреќата, и се успеало побрзо да се создадат можности за да се покаже интернационална солидарност.

Веднаш откако веста за оваа катастрофа го обиколила светот, меѓународната заедница покренала огромна акција за помош, во размери речиси невидени дотогаш.

Се вратил оптимизмот и надежта на овој град, а собраниот и обединет свет со неизмерна верба и љубов помагал во градењето на новото Скопје, кое стана симбол на човековата пожртвуваност, хуманост и солидарност.

# КАКО ЈА ВОСПОСТАВИВМЕ ПРВАТА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА



Томе Николовски

„Утрото на 26 јули 1963 година од земјотресот сериозно беше оштетена и скопската пошта. Како раководител на тогашниот оддел за телекомуникации, меѓу првите се најдов пред објектот кој во ваквите ситуации беше од исклучителна важност. Тоа беше главната пошта и од неа зависеа сите контакти кои можевме да ги воспоставиме со градовите во Македонија, поранешна Југославија, но и со светот.

На Скопје му требаше итна помош од секаков вид и колку подолго траеше неговата изолираност од неговото поблиско и подалечно опкружување, толку беше полошо. Зашто, практично, сите што се наоѓавме во градот, на еден или друг начин, бевме настрадани и загрозени: потребна беше итна медицинска помош, лекови, лекари, елементарно снабдување со храна и вода, евакуација на граѓаните на сигурни засолништа, возила од секаков вид без кои не можеше да се замисли ефикасна комуникација неопходна во тој момент. Да, но како да се воспостави комуникација во такви услови?

Ние имавме меѓуградска централа која мораше да ја оспособиме, да ги извлечеме врските од зградите. Во тоа време функционираше уште една централа, за воени цели, со која ние немавме врска, а која најверојатно ја инсталирале уште Германците за Втората светска војна.

Во тие први мигови, го повикав нашиот монтер кој исто така беше пристигнат, Јанко со прекар Кметот, водњанец, и се договоривме со него и со другите колеги да пронајде погодна бандера во близина, а од неа да се воспостави врска со Белград, со помошта на телефон. Тоа беше обичен, индукторски телефон на вртење, но тој ни заврши голема работа. Јанко пронајде бандера во близината, се искачи на неа, и долго време работеше. Ние долу со нетрпение очекувавме што ќе се случи. По извесно време, Јанко радосно ни соопшти дека воспоставил врска со Белград. Потоа спушти еден кабел, долу под бандерата, за да може полесно да се комуницира. Таа врска послужи за да можат да се јавуваат новинарите и да известат за несреќата. Прв на тоа место се најде и нашиот новинар Јован Поповски, дописник на белградска „Политика“, кој, како сега да го слушам, возбудено говореше: „Скопје е разурнато до темел, Скопје веќе не постои“, и во таа смисла. Потоа, присуствуваа и други новинари, од Загреб и од другите југословенски градови.

Бидејќи бевме пошта и сите новинари доаѓаа кај нас, утредента оспособивме една барака во која тие се собираа. Помалку е познато дека по покана на градот Скопје, кај нас престојуваше еден од најголемите светски експерти за телекомуникации, швеѓанецот Ингве Рап“.

(раскажува Томе Николовски, пензионер, поранешен раководител за телекомуникации во „Македонски пошти“)



## Скопје се сеќава...

# 53 ЧАСА ПОД УРНАТИНИТЕ



Долго време по уривањето на хотелот „Македонија“ се слушале гласови на преживеаните кои барале помош. Екипа рудари од Југославија со натчовечки напори трагале по преживеаните и работеле на точно лоцирање на гласовите. Еден од спасувачите е и рударот Сретен Рајковиќ од Костолац. Заедно со Слободан Пајковиќ, член на алпинистичка екипа, тој според бележењата на југословенските новинари, слегол во подрумот на хотелот во кој се урнале неколкуте катови од објектот.

Во целосен мрак, спасителите се служеле со батериски ламби. Во мракот, копајќи, наишле на потисната човечка нога. Станувало збор за маж. Човекот бил жив, се слушале неговите гласови. Низ отворот успеале да оспособат пристап на дигалката. Човекот со згмечена нога лежел неподвижно и тешко дишел.

-Има ли живи? – прашал некој од спасителите.

– Живи сме, ние сме тука - рекол женски глас, на француски јазик.

- И мажот ми е тука, Белгијци сме.

Спасувачите почнале уште позасилено да работат. Наскоро отворот бил толку широк, што жената била изнесена на светлината на денот. Станувало збор за белгиската брачна двојка, сопругата Зизи Жакмер и нејзиниот маж Жан Жакмер. Тие 53 часа се наоѓале под урнатините на хотелот „Македонија“. И двајцата лежеле во креветите, неподвижни. Бидејќи била помалку повредена, таа прва била изнесена надвор, на тротоарот. Со тежок напор им се насмевнала на двајцата спасители и се онесвестила. Потоа била префрлена во болницата.

Жан, кој лежел на креветот со смачкана нога, внимателно го симнале од креветот прекриен со малтер и греди и го извадиле надвор, на тротоарот, каде што веќе била извлечена неговата жена. Тој само им мавнал на насобраните луѓе, извикувајќи едно големо „благодарам“. Иако тешко зборувал, успеал само да праша: „Каде се наоѓаме? Што е ова? Земјотрес? Бомбардирање? Или вулкан?“

Тој сметал дека биле извадени од првиот кат, иако биле пропаднати во подрумот од хотелот. Потоа, како и неговата жена претходно, со специјално возило бил префрлен до импровизираната болница под шатори. Во болницата биле под контрола на словенечкиот лекар д-р Драго Плешивичник.

Жан Жакмар по професија бил биолог и заедно со сопругата дошол во Скопје и во Македонија да ги проучува музејските вредности и експонати од неговата струка.



# ЖИВ СУМ,
## АКО ТРЕБА И ТРИ ДЕНА ЌЕ ЧЕКАМ

Портирот на хотелот „Македонија“, Божо Стојановски, на чуден начин успеал да го преживее скопскиот земјотрес и апокалипсата која го снашла овој скопски хотел. Од работното место на кое се наоѓал, тој, заедно со некои од гостите, пропаднал во подрумот. Според записите на белградските известувачи, тој, барајќи помош, извикувал: „Спасете ме, жив сум, ако треба и три дена ќе чекам“. Спасителите вложиле големи напори за да дојдат до него. Се додека го слушале неговиот глас, постоела надеж за негово спасување.



Поглед на плоштадот од хотелот „Македонија“

Се урнал заедно со своето портирско место во подрумот, а неговата положба била исклучително тешка. Бил стиснат меѓу гредите и штиците од плафонот, во склопчена форма која му оневозможувала секакво движење. Едната од гредите го потиснала врз вратот. Спасителите, со специјални пили ја сечеле целата граѓа која се наоѓала во просторијата, за да дојдат до него.



Кога по долги и натчовечки напори успеале во тоа, го врзале со планинарско јаже, а потоа започнале да копаат под него за да ослободат доволно простор за извлекување на телото. Наскоро тој бил извлечен на тротоарот. Стојановски изгледал избезумено. Очигледно, доживеал голема психолошка траума. Очевидците велат дека дури посакал и да се самоубие.

Името на шефот на рецепцијата на хотелот „Македонија“, Ратомир Петровски, и ден денес се спомнува поврзано со големата, несебична помош која тој ја пружал на настраданите и помагал за нивно спасување. Станал синоним за пожртвуваност и хуманост.

На необичен начин биле спасени и паркетарот на хотелот „Македонија“, 31-годишниот Весељ Авди и неговата сопруга која му помагала. При првиот удар на земјотресот, тој и неговата жена веќе започнале со вршењето на секојдневните работи. Наеднаш, им се загубила подлогата под нозете и пропаднале во барот на хотелот. Се нашле, како што самите го опишуваат тој миг, во смртна прегратка со распарчениот мебел и тулите.

Тешко дишеле, во просторијата немало доволно воздух. За чудо, вториот удар од катастрофалниот земјотрес направил мал отвор во барот во кој што пропаднале и тоа, всушност, им го спасило животот, бидејќи можеле послободно да дишат. По еден час, со крајни напори, заедно со жената, успеале да се извлечат од просторијата и да се спасат. Се обиделе да им помогнат на некои од присутните во просторијата, но сите околу нив веќе биле мртви.

Двајцата се префрлени во Косовска Митровица, мажот во болница, а сопругата кај некои нивни пријатели. Ова се само неколку од големите човечки драми што се случиле во еден од најразурнатите објекти во скопскиот земјотрес, скопскиот хотел и ресторан „Македонија“.

Скопје се сеќава...

# ЗАГИНА ЦЕЛОТО МОЕ СЕМЕЈСТВО

„Мојот татко беше свештеник, тој почина во 1959 година. Останавме да живееме со мајка ми, сестра ми Ружа со синчето Владо и брат ми Јован кој беше помлад од мене. Другата сестра Драгица, со ќеркичката Бети живееше посебно, со сопругот Цеве. Сестра ми Ружа, која работеше како наставничка по француски јазик во училиштето „11 Октомври“ зема кредит и со материјална помош од мајка ми уплативме стан во новата зграда што се градеше на улицата 29 Ноември, број 46, во близина на денешната Универзална сала. Зградата ја ѕидаше приватен претприемач.



Во новата зграда се вселивме еден месец пред скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година, на четвртиот кат. Никој од нас не можеше ниту да претпостави каква трагедија ќе ни се случи и колку таа зграда, која не била солидно градена, ќе биде фатална за нас. Вечерта, на 25 јули, сестра ми Драгица со ќеркичката и зетот шетале



Љупчо Попов

во Градскиот парк и навратија во новиот стан, кај нас, на гости. Бидејќи се задржаа долго, сестра ми со ќерката остана да спие кај нас, а зетот Цеве замина, за ние да бидеме покомотни, бидејќи бевме повеќемина.

Изутрината, ме разбуди страотен удар од земјотресот, најпрвин вертикален, а потоа и хоризонтален. Зградата како да е од хартија пропадна во темелите, а јас се струполив заедно со неа. Бидејќи зградата се изместила од силата на ударите, главната плоча не паѓала надолу вертикално, туку под кос агол. Тој агол ме спасил, бидејќи се создал празен простор меѓу ѕидот и креветот на кој спиев. Но, затоа, таа фатална плоча, како што паѓаше надолу, покоси се под себе.

По земјотресот, останаа само купишта урнатини, не повисоки од два метра. Кога паднав се најдов во горниот дел од урнатините, и со натчовечки сили успеав да излезам на површината. Бев полесно повреден и имав проблеми со дишењето. За жал, целото мое семејство загина во урнатините. Тоа беше ужасна трагедија која не може со ништо да се опише, и чија црна слика на смртта до ден денес ме прогонува.

Колку човек требаше да биде силен за да ја издржи таа несреќа. Загинаа мајка ми Велика (51), сестра ми Драгица (27), нејзината ќерка Бети (2), брат ми Јован (21) и сестра ми Ружа (31). Додека другите веќе беа починати, Ружа беше поклопена со плочата, но се уште даваше значи на живот. Своето синче Владо (6,5) таа мајчински го беше стиснала на градите и го заштитила овозможувајќи му да дише. Кога со спасувачите им пријдовме за да ги извлечеме на површина, сестра ми се обиде нешто да ми каже, изусти нешто нејасно и почина. Владо и го земавме од рацете и заедно со неа ги извлековме од под урнатините.

Потоа, целиот живот Владо беше со мене, го израснав заедно со моите две деца. Заврши медицина и стана почитуван хирург по интерна медицина. Успешно се занимаваше со спорт, играјќи тенис".

(раскажува Љупчо Попов, пензионер, електро-инженер)



# ВИСТИНСКО ЧУДО Е КАКО ПРЕЖИВЕАВМЕ



Станислав Фајдигер

„Роден сум во Скопје и сиот мој живот го поминав во градот на Вардар. Во предземјотресно Скопје сета наша младост се одвиваше на корзото, во кината, во театарот. Секоја прошетка во околината на градот претставуваше исто така возбуда и задоволство. Се живееше мирен, релаксиран и спокоен живот. По потекло сум Словенец, татко ми Антон, е дојден во Скопје во 1918 година.

Тоа кобно утро на 26 јули 1963 година кога се случи земјотресот живеевме на улицата Никола Тесла или 762, во зградата број 6, во населбата Карпош.

Земјотресот предизвика толку силен удар што зградата се нишаше како да е од картон. Започнаа да се превртуваат предметите, да паѓа малтерот, вратите се заглавија и не можевме да излеземе. Со крајни сили успеавме да ги пробиеме вратите и да излеземе на улицата. Никој од моето семејство не загина.

На улицата не пречека вистински ужас. Имаше уште неколку удари, земјата се тресеше, сета околина беше обвиена во прав. Кога по извесно време правта слегна, глетката беше уште поужасна. Не можевме да веруваме на сопствените очи, бидејќи зградата наспроти нас, со број 11, со двата први ката беше речиси пропадната в земја. Имаше пискотници и повици за помош, се ширеше злокобна неизвесност и страв.

Во зградата зад нас, на чиј број денес не се сеќавам, глетката беше уште пострашна. Бидејќи надворешните ѕидови беа урнати, се гледаа катови и внатрешноста на разурнатите станови. Во нив се гледаа редици од кревети со умрените, потиснати со бетон. Таа слика нема никогаш да ја заборавам. Смртта луѓето очигледно ги затекнала на спиење.

Сликата во зградата број 13 која се наоѓаше во близина, а која најмногу настрада, беше исто така морничава. Урнатини, споени или сосема уништени катови, се беше прав и пепел.

Подоцна, зградата во која живеев ја санираа, се вративме назад и повторно живеевме во неа. Потоа го продадов станот во Карпош и сега живеам во близина на Соборната црква. На местото каде што се наоѓаше зградата со број 11, постоеше идеја повторно да се крене нов станбен објект. Мештаните не дозволија, сметајќи дека е подобро тука да остане зеленилото.

Кога денес, по толку време рамислувам, вистинска среќа е што јас и моето семејство преживеавме. Токму нашата зграда издржа и не се урна во земјотресот. Непредвидливи се патиштата во животот".

(раскажува
Станислав Фајдигер,
пензионер)



# СКОПЈЕ 26




Скопје
Skopje


СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА
СКОПЈЕ 26·VII·63
С К О П Ј Е


СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА
СКОПЈЕ 26·VII·63
S K O P J E

# ЈУЛИ 1963










## Скопје се сеќава...

# „ДЕВОЈЧЕ ИМАТЕ, ДЕВОЈЧЕ!“



Сузана Стаматовска

„Се сеќавам на топлата јулска ноќ, 25 јули 1963 година кога ме хоспитализираа на одделението за гинекологија во Државната болница. Бев бремена во седми месец, а јас, сопругот и мојата 5-годишна ќерка со нетрпение го очекувавме новороденчето кое на свет требаше да пристигне на 18 октомври. Си го замислував мирното доаѓање на новото чедо и нашиот спокоен живот во семејниот дом на улицата Козара 34, близу Државната болница. Но, судбината сакаше поинаку....

Цела вечер не можев да заспијам преплавена со мисли за иднината. Одеднаш, се слушнаа страшни звуци - мјаукање на мачки, виење на кучиња и страотни крици од другите животни кои се слушаа дури од Зоолошката градина. Јата птици се креваа во хаотичен лет над земјата. Беше мугра, многу се исплашив и се прашував што се случува. А потоа страшна, злокобна тишина. Потоа силен татнеж....Треперев од страв. Одеднаш земјата почна силно, многу силно да се тресе и сфатив - земјотрес.... Во животот немав почувствувано таков страв... Јас, докторите, медицинските сестри и сите други пациенти како избезумени излеговме од зградата, сите стравувајќи за својот живот, завладеа сеопшта паника и страв... По малку време го здогледав мојот сопруг, кој дотрча исплашен до мене, сакајќи да се увери дека сум добро. Почувствував големо олеснување кога видов дека тој е жив и здрав, но истовремено бев многу загрижена за тоа дали се добро мојата ќеркичка и моите родители, кои тогаш беа на краток одмор во Катланово. Стоевме така на плочникот пред болницата во исчекување, кога одеднаш почувствував силни породилни болки.

Во целиот тој хаос ми пријде докторот, угледниот д-р Антиќ и породувањето започна на плочникот пред болницата, во тревникот под едно дрво, без никакви инструменти. И самиот стравувајќи за својот живот поради непрестајните земјотреси, докторот сепак ја покажа својата професионалност и породувањето беше успешно. Прекрасно беше чувството на олеснување кога ми рече: „Девојче имате, девојче!" Беше 7 часот и 20 минути, 2 часа по катастрофата која го снајде Скопје, а според сите информации мојата ќерка е првото новороденче кое дојде на свет во Скопје по катастрофалниот земјотрес. Беше многу малечка, мојата Сузана се роди со тежина од само килограм и сто грама и не можеше самостојно да дише. Но, се охрабривме и не загубивме надеж, сопругот веднаш зема една сламка и започна да и дава вештачко дишење за да ја одржи во живот. Во тој момент се појави и татко ми, кој исплашен дошол пеш од Катланово и ни кажа дека тој, мајка ми и мојата 5 годишна ќерка се добри и на сигурно, на наша огромна радост“, раскажува скопјанката Златка Крстевска.

Малата Сузана заедно со нејзината мајка потоа биле пренесени во болница во Ниш, на сигурно. Скопјанката Сузана Стаматовска (родена Крстевска) денеска е среќно омажена и горда мајка на две деца. Многу сака да им помага на другите, а вљубеник е во својата професија (градежништвото) и во својот роден град Скопје.





# РЕМИТО ШТО ЗНАЧЕШЕ ПОБЕДА

„Сеќавањата кои први ми навираат кога ќе помислам на скопскиот земјотрес од некои чудни причини не се поврзани со разурнатиот лик на градот, ниту пак со тоа кобно утро кое сите не разбуди од утринскиот сон... туку со сплотеноста, чувството на заедништво, солидарноста и силниот мотив да се продолжи понатаму", раскажува Томо Тасев, скопјанец од Маџир маало.

„Јас тогаш бев 14 годишно момче и го обожував фудбалот. И до ден денес се растреперувам кога ќе се сетам на закажаниот натпревар меѓу фудбалските клубови „Вардар" и „Динамо" од Загреб, кој се одржа само по еден месец од катастрофалниот земјотрес. Иако сѐ уште ја чистевме правта од разурнатите згради и Скопје се уште живееше со последиците од 26 јули, веста дека нема да се одложи овој спортски настан беше примен со огромна возбуда. Ова воедно беше и првиот настан од јавен карактер кој се случи во Скопје по земјотресот...

Не беше лесно да се дојде до билет, имајќи предвид дека во Скопје имаше и голем број волонтери од цела поранешна Југославија кои помагаа во расчистување на градот. Долгата колона пред билетарницата не ме обесхрабри да дојдам до два билета, за мене и за татко ми... и тоа на Јужна трибина!

Натпреварот почна во одлична атмосфера... но она што сите не разочара и збуни беше недостигот на нашиот најдобар голгетер Петар Шулинчевски. Така, сосема очекувано во првото полувреме го примивме и првиот гол. Навивањето не стивнуваше... но, разочарувањето беше присутно кај сите нас...

На почетокот на второто полувреме се случи чудо. Целата атмосфера ја доживеа својата кулминација кога на терен влета Шулинчевски, за кого отпосле дознавме дека неговото доцнење се должи на отежнатото патување од Ресен до Скопје, бидејќи тој потекнува токму од тој град. Силните овации и спортското навивање најверојатно беа мотив за него да даде гол и да го израмни резултатот. Не можам да ви ги опишам радоста и среќата во тој момент. Се чувствувавме како да сме победиле тој ден, иако натпреварот заврши нерешено. Тој гол за нас значеше победа!"

# ОД ГЕРМАНИЈА СО СРЦЕ ЗА СКОПЈЕ



Од лево: Питер Гилинг, Армин Баер, Лоте Милер и Конрад Мец (втор од десно)

Армин Баер, Питер Гилинг, Конрад Мец и Лоте Милер се членовите на германскиот Црвен крст кои во 1963 година уште на 30 јули пристигнале на помош во разурнатото Скопје и заедно со своите колеги поставиле станица за прочистување вода и народна кујна за нашите сограѓани кои во катастрофата ги загубиле своите домови. Се вклучиле и во акцијата за помош на настраданите и ги транспортирале до болниците. По повод одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес, тие престојуваа во Скопје и се потсетија на деновиве поминати под отворено небо, во хуманитарната акција за помош на Скопје и на настраданите во природната катастрофа.

- Кога стигна веста за катастрофалниот земјотрес германскиот Црвен крст веднаш донесе одлука да помогне. По 52 часа патување со воз, на 30 јули, доцна вечерта, нашиот тим пристигна во Скопје. Брзо се организиравме и се поставивме во Градскиот парк, каде што ја монтиравме нашата опрема. Паметам само дека беше многу жешко и дека многу луѓе што останале без покрив над главата спиеја во паркот, на отворено. Нашата задача беше да поставиме станица за пречистување вода со чија помош обезбедувавме вода за сите потреби. Ја поставивме и народната кујна и почнавме да подготвуваме храна - појадок, ручек и вечера, по 10 000 порции дневно. Во меѓувреме, во Бон донесоа одлука да изградиме и 40 бараки, на локација во Ѓорче Петров. Бараките ги донесоа со воз, а нивната изградба ја завршивме во ноември – раскажува Конрад Мец, долгогодишен активист на Црвениот крст.

Германските хуманитарци во Скопје за прв пат се соочиле со последиците од катастрофален земјотрес.

- Градот беше разурнат како во војна. За среќа никаде не гореше. Во Германија по Втората светска војна останаа многу урнатини и ние бевме навикнати на таква ситуација, но кога дојдовме во Скопје се соочивме со нешто друго. За првпат во мојот живот тогаш се сретнав со урнатини од земјотрес, тоа за мене беше страшна слика. Но, она што исто така ми остана во сеќавање до ден-денешен е пријателството што веднаш се разви со луѓето што доаѓаа во нашата народна кујна. Во врска со нашето готвење совети добивавме само од жените. Мажите си стоеја настрана – се сеќава активистот Армин Баер.






Потребните состојки за подготовка на оброците хуманитарците ги набавувале од Куманово и од Тетово.

- Готтевме многу зеленчук, компири и многу месо. Она што за нас беше многу чудно е што скопјани кафето го пиеја со многу шеќер – раскажуваат тие.

Со нивното возило до болниците биле транспортирани повредени граѓани, извлечени од под урнатините. За нив е интересно и тоа што во времето на Студената војна во Скопје се сретнале екипите на Црвениот крст на тогашните Источна и Западна Германија, но дека работеле како еден, за обнова на Скопје.

## ЕКСКУРЗИЈА КАКО НАГРАДА

По четири недели деноноќна работа, домаќините за нивните пријатели од Германија организирале екскурзија во Охрид.

- Автобусот беше многу стар и очекувано, некаде на половина пат до Охрид прегреа. Додека возачот бараше начин да го поправи, нашиот водач не однесе да прошетаме во блиското лозје. Се сладевме со многу вкусно грозје. И околните предели беа толку убави, што до денеска се сеќавам на нив како вчера да беше. За среќа, возачот го поправи автобусот и безбедно стигнавме во Охрид. Поминавме прекрасен и исполнет ден – се потсетува Мец.

## ЕДНАШ ВО ЦРВЕН КРСТ, ЦЕЛ ЖИВОТ ВО ЦРВЕН КРСТ

Хуманитарците од германскиот Црвен крст по завршувањето на акцијата за помош на Скопје учествувале и во други хуманитарни мисии на територијата на поранешна Југославија, во Бања Лука, во Бар и во Котор. Тие велат дека хуманоста секој човек ја носи во срцето и дека не можат да живеат без да помагаат.

- Еднаш во Црвен крст, цел живот во Црвен крст – нагласува Мец.





## Одбележуваме 50 години од катастрофалниот земјотрес

# СКОПЈЕ СЕ СЕЌАВА И СЕ ЗАБЛАГОДАРУВА




Оваа година, Скопје и скопјани одбележуваат 50 години од катастрофалниот скопски земјотрес што однесе 1.070 животи и разурна речиси 80 проценти од нашиот град. По тој повод, Градот Скопје во координација со Универзалната сала и со другите јавни културни институции организира неколку месечни активности под мотото „Скопје се сеќава", што имаат за цел да потсетат на немилиот настан, на загубите и на доживеаната болка, но да потсетат и на неизмерната храброст, хуманост и пожртвуваност на скопјани да се изборат со природната сила, да ги надминат последиците и да почнат да го градат новото Скопје.

Скопскиот земјотрес и катастрофата што го снајде градот и нашите сограѓани покрена дотогаш невидена меѓународна акција за помош на настраданите, за расчистување на урнатините и за обезбедување безбедни услови за живот за оние што останаа без покрив над главата. Помош, како што се сеќаваат нашите повозрасни сограѓани, стигнувала од секаде, дури и од најоддалечените места на нашата планета. Светот испраќал храна, вода, лекови, постелнина и покуќнина, помагал во изградба на цели населби, помагал парично и материјално, испраќал доброволци кои не се штеделе за помош на Скопје и на скопјани.




Токму затоа, по повод одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес, Скопје и скопјани ќе испратат едно големо БЛАГОДАРАМ за подадената рака, за споделената мака, за укажаната помош на 90-тина земји и организации од светот кои придонесоа Скопје да стане центар на светската солидарност. Сите




држави и организации што ја упатија својата несебична помош по катастрофалниот земјотрес од Градот Скопје ќе добијат благодарници, и тоа:

Австралија
Арапска Република Египет
Сириска Арапска Република
Повеќенационална држава Боливија
Брегот на Слоновата Коска
Босна и Херцеговина
Света Столица
Боливарска Република Венецуела
Република Гвинеја
Грузија
Сојузна Демократска Република Етиопија
Република Зимбабве
Израел
Индонезија
Ирак
Исламска Република Авганистан
Исламска Република Иран
Исламска Република Пакистан
Јапонија
Канада
Кипар
Конго
Република Костарика
Кралство Белгија
Кралство Данска
Кралство Камбоџа
Кралство Мароко
Кралство Норвешка
Кралство Холандија
Кралство Шведска
Кралство Шпанија
Кувајт
Либан
Либерија
Либија
Лихтенштајн
Луксембург
Соединетите Мексикански држави
Монако
Монголија
Народна Демократска Република Алжир
Народна Република Кина
Нов Зеланд
Обединети Арапски Емирати
Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска
Република Австрија
Република Азербеџајн
Република Албанија
Аргентинска Република
Република Белорусија
Република Бугарија
Република Гана
Република Грција
Република Еквадор
Република Ерменија
Република Естонија
Република Индија
Ирска
Исланд
Италијанска Република
Република Казахстан
Република Киргистан
Република Колумбија
Република Косово
Република Куба
Република Латвија
Република Литванија
Република Мали
Република Малта
Република Мјанмарска Унија
Република Молдавија
Република Нигерија
Република Полска
Република Португалија
Република Романија
Словачка Република
Република Словенија
Република Србија
Република Таџикистан
Република Тунис
Република Турција
Република Уганда
Република Узбекистан
Унгарија
Република Финска
Република Франција
Република Хрватска
Чешка Република
Република Чиле
Руска Федерација
Сенегал
Соединетите Американски Држави
Сојузна Република Германија
Судан
Танзанија
Туркменистан
Украина
Ориентална Република Уругвај
Федеративна Република Бразил
Хашемитско Кралство Јордан
Република Црна Гора
Швајцарска конфедерација
Шри Ланка
УНИЦЕФ
Обединети нации
Меѓународен црвен крст и Црвена полумесечина

Скопје се сеќава...

ДИЈАМАНТОТ НА ЕИКО

„Младата студентка Еико Музики од Јапонија испрати прилог за помош на настраданите во Скопје – дијамант, поточно дијамантски прстен што го добила како семејно наследство, а кој се пренесувал со генерации во нејзиното семејство. Таа била толку потресена од снимките за Скопје кои ги видела на националната јапонска ТВ станица, што ја натерало да се откаже од највредното нешто што го поседува.“





# АКЦИЈАШИТЕ РАСЧИСТУВАА УРНАТИНИ КАЈ СТАРАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА

Расчистуваа урнатини, извлекуваа повредени и санираа повреди. Ваква симулација на расчистување урнатини по земјотрес на 26 јули изведоа волонтерите од Здружението за волонтерско работно и едукативно ангажирање во сферата на екологијата „Акцијаши“, на платото кај Старата железничка станица. Нивната симулација беше дел од програмата на Град Скопје за одбележување на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје во 1963 година.

- Со нашите активности сакаме да испратиме порака за хуманост и за солидарност и да го популаризираме волонтерството меѓу нашите сограѓани, особено меѓу нашите најмлади – вели Горан Илиев, член на управниот одбор на „Акцијаши“.

Акцијашите во 05:17 часот ги разбуди сирена, по што тие се упатија кон Старата железничка станица каде што ја изведоа симулацијата на расчистување урнатини по земјотрес, помош на настрадани и санирање повреди, во соработка со активистите на Црвениот крст на Град Скопје.

Еден ден порано, акцијашите кај градската плажа „Парк“ подигнаа камп за елементарни непогоди и ги почнаа активностите по повод одбележувањето на 50-годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес од 1963 година. Во кампот беа сместени околу 150 волонтери и членови на бригадите што директно учествувале во расчистувањето на урнатините по скопскиот земјотрес, од повеќе делови на поранешна Југославија.



# ЦВЕЌЕ ЗА ЗАГИНАТИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ



На 26 јули, на градските гробишта во Бутел, официјални странски и домашни делегации положија цвеќе пред Споменикот на загинатите во земјотресот во Скопје, што се случи пред точно педесет години. Во знак на почит, венец положи и официјална делегација на Градот Скопје, предводена од градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Почит на жртвите во катастрофалниот скопски земјотрес, со положување цвеќе изрази и делегација од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, делегација од Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, предводена од Трајко Вељановски, делегации составени од претставници од политичките партии, делегации од сите општини во Скопје, претставници од Црвениот крст на град Скопје и на Република Македонија, делегација на АРМ, претставници од јавните претпријатија и јавните културни установи на Град Скопје, претставници од институции во нашава земја и граѓани.



Цвеќиња на гробовите на загинатите во земјотресот, положија и официјални делегации од странство, меѓу кои: делегација од Република Албанија; Република Австрија; Кралството Белгија; Република Бугарија; Народна Република Кина; Република Хрватска; Република Чешка; Република Франција; Сојузна Република Германија; Унгарија; Исламска Република Иран; Италија; Јапонија; Кралството Холандија; Република Полска; Руската федерација; Република Србија; Република Словенија; Кралството Шведска; Кралството Шпанија; Швајцарија; Република Турција; Украина; Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска; Соединетите американски држави, како и делегација од Европската унија, Обединетите нации и УНИЦЕФ.

*Во традиционалната крводарителска акција*

## КРВ ДАРУВАА 190 КРВОДАРИТЕЛИ

Сто и деведесет крводарители дарувaa крв во традиционалната крводарителска акција што на 26 јули се одржа во Центарот за дарување крв, сместен во ДХО „Даре Џамбаз“. Оваа крводарителска акција што традиционално ја организира Црвениот крст на Град Скопје веќе со години е показател на хуманоста и солидарноста на скопјани, за помош на оние на кои им е потребна скапоцената течност.

Во рамките на одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес, Црвениот крст на Град Скопје од Црвениот крст на Германија, од областа Баден-Витемберг доби донација – возило опремено со санитетска опрема.

## Одбележуваме 50 години од катастрофалниот земјотрес

# ИЗЛОЖБА „*СКОПЈЕ, 26 ЈУЛИ 1963*“ ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ



По повод одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес на 26 јули во Музејот на град Скопје беше отворена изложба на предмети и фотографии што сведочат за оваа природна катастрофа, на авторката Зоја Богдановска, виш кустос историчар. Изложбата ја отвори градоначалникот Коце Трајановски кој на присутните претставници на меѓународната заедница им додели благодарници за огромната помош што му ја дадоа на Скопје во далечната 1963 година.

- Денеска Скопје и неговите жители одбележуваат 50 години од трагичниот скопски земјотрес. Земјотресот го разори Скопје, однесе многу животи и остави лузни, пустош и тага зад себе. Откако веста за оваа катастрофа го обиколи светот, меѓународната заедница ја почна акцијата за помош. Скопје стана град на интернационалната солидарност. Затоа и денес, 50 години потоа, овде во Музејот на град Скопје, кој е нем споменик на тоа време, се навраќаме и се сеќаваме на тој настан кој е врежан во историјата на нашиот град. Од правта на земјотресот во еден кус период се подигнаа нови населби и објекти од јавен карактер, со несебична помош од народи и влади на држави од сите меридијани. Се врати оптимизмот и надежта на овој град, а






обединетиот свет со неизмерна верба и љубов, помогна во градењето на новото Скопје, кое стана симбол на човековата пожртвуваност, хуманост и солидарност. Во изградбата на Скопје учествуваа сите националности, Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Евреи, Срби, Хрвати, Бошњаци, Црногорци и други, рамо до рамо, едни со други од утро до мрак. Градот Скопје не запре и нема да престане да се развива како урбана средина, и во естетска и во функционална смисла, затоа што пред нас се нови предизвици за создавање инфраструктурни услови за подобар живот на граѓаните на Скопје. Токму затоа сметам дека овој ден е симбол на почетокот на модерната урбанизација, на фаќање чекор со современите текови на европската архитектура. Ја користам оваа можност од мое име, како градоначалник на Град Скопје и од името на жителите на Скопје, да им се заблагодарам на земјите кои му дадоа живот на опустошеното Скопје. Воедно сакам да се заблагодарам и на сите кои со својата хуманост спасија и извлекоа многу наши сограѓани од под урнатините - рече градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на изложбата.

Изложбата низ предмети и фотографии го пренесува земјотресот низ неколку сегменти, почнувајќи од првите мигови по катастрофата, сè до изградбата на првите монтажни населби во коишто, пред почетокот на зимата, беа сместени бездомните скопјани. Изложбата е збогатена со музејски експонати сместени во витрини и во неколку амбиенти конструирани на локации во Музејот. Презентирани се и предмети од времето на земјотресот, подарени на Музејот од наши сограѓани.

Благодарение на соработката со Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет и на соработката со Кинотеката на Македонија, Црвениот крст на град Скопје, како и Амбасадата на Шпанија, Амбасадата на Бугарија и Генералниот конзулат на Кралството Данска, изложбата е збогатена со предмети што ја надополнуваат приказната за скопската трагедија.







## Мултимедијален перформанс на плоштадот „Македонија“



# СКОПЈЕ СЕ ПОТСЕТИ НА КАТАСТРОФАТА ОД 1963 ГОДИНА

На плоштадот „Македонија“ на 26 јули се одржа едночасовен мултимедијален перформанс во знак на одбележување на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес што во далечната 1963 година до темел го урна нашиот град. Во мултимедијалниот настан беа вклучени Македонската филхармонија, балетани од Македонската опера и балет и професионални актери, а приказната за Скопје ја раскажуваше и тематски обработен видео и фото-материјал. Пред собраните граѓани и пред многубројните гости од земјава и од странство се обрати градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Оваа 50-годишнина за нас претставува јубилеј на полувековната истрајност на неколку генерации скопјани во напорите од градот да создадат подобро место за живеење. Денеска Скопје се сеќава на раните утрински часови, кога на 26 јули 1963 година, во 5 часот и 17 минути, по серија потреси, беше уништено се она што генерации скопјани од сите националности го создаваа дотогаш, кога згаснаа животите на 1 070 жители на главниот град на Република Македонија, кога околу 3 000 наши сограѓани беа повредени, а околу 200 000 останаа без своите домови. Исчезнаа многу домови, училишта, болници и културно–историски споменици, кои беа обележја на Скопје и кои со својата убавина го красеа гра-



дот. Згаснаа илјадници надежи, семејни планови, индивидуални сонови за високо образование, планови за создавање семејства, за миг Скопје се претвори во напуштен град. Се застана, за момент. Но, жителите на Скопје не се предадоа. Со сета енергија веднаш се зафатија со спасување човечки животи од под урнатините, со санирање на штетата од уривачката моќ на природата. По таа катастрофа, човечките вредности, хуманоста, солидарноста и меѓуетничкиот соживот дадоа импулс за интензивирана градителска посветеност. Скопје стана симбол на почетокот на модерната урбанизација, од правта на земјотресот во кус период се обиде повторно да фати чекор со современите текови на европската архитектура. Под платформата „Скопје се сеќава", годинава Градот Скопје преку низа манифестации, се обиде да се потсети на далечната `63-та година, за никогаш да не се повтори. Скопје немаше да го добие епитетот Град на солидарноста доколку помош не пристигнеше од сите страни, притоа уривајќи ги сите граници меѓу државите во светот. Им се заблагодарувам на присутните претставници од Меѓународната заедница кои несебично ја покажале хуманоста на дело - истакна градоначалникот Трајановски.

Од името на меѓународната заедница пред присутните се обрати д-р Бертранд Демулан.

- Пред половина век деструкцијата привлече внимание на интернационално ниво, со силна поддршка од државите членки на Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации и се донесе резолуција којашто се однесуваше на собирање поддршка за итна помош за реконструкциски цели. За луѓето од Скопје реконструкцијата на градот беше од историско значење исто како и самиот земјотрес. Во 60-те години, кога на скопските деца ќе им дадеа задача



да направат пишан есеј на тема „Што би бил најголемиот настан во нивните животи", осумдесетина проценти од тие деца ќе изберат да пишуваат за пост-земјотресната реконструкција на градот, наместо за земјотресот. Ми претставува голема чест што токму јас во името на Организацијата на обединетите нации ја примив благодарницата од градоначалникот на Град Скопје. Ова е признание за Организацијата на обединетите нации, за нивната моќ да се обединат и да обезбедат поддршка за луѓето од Скопје. Сакам да Ве уверам дека Организацијата на обединетите нации е насочена да го поддржува Градот Скопје, како и Република Македонија во нивните намери да успеат во развојот од што бенефитот ќе го почувствуваат сите граѓани - потенцираше Демулан.



Петте композиции коишто на сцената на плоштадот „Македонија" ги изведе Македонската филхармонија претставуваа еден вид скелет на перформансот, преку кој се раскажуваше приказната за Скопје пред земјотресот, Скопје во времето на катастрофата и по неа, како и повторното раѓање на градот. Членовите на Македонската филхармонија ги изведоа делата Увертира кон операта „Волшебната флејта" од В. А. Моцарт, Адахо од Симфонија бр. 5 од Г. Малер, музичкото дело од Т. Прокопиев, насловено како „Лабин и Дојрана", музичко парче од Симфонија бр. 5 од Л. В. Бетовен, како и Увертира кон операта „Моќ на судбината" од Џ. Верди.

Во сеќавање на жртвите од земјотресот, уметниците на сцената и присутните на плоштадот застанаа простум и кон небото пуштија 1 070 лантерни. Додека лантерните се подигнуваа кон небото, имињата на настраданите во земјотресот се испишуваа на големиот екран на сцената.

## Балканско сениорско првенство во одбојка на песок „Скопје 2013“

# МЕДАЛИ ЗА НАЈДОБРИТЕ ОДБОЈКАРСКИ ДВОЈКИ




Одбојкарските двојки Динова/Ангелова од Бугарија, во женска конкуренција и Николиќ/Киковиќ од Србија, во машка конкуренција, ги освоија првите места на Балканското сениорско првенство во одбојка на песок „Скопје 2013“, што од 25 до 27 јули се одржуваше на игралиштата на Градската плажа „Парк“. Овој престижен меѓународен турнир беше дел од програмата за одбележување на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје, а на најдобрите одбојкарски двојки медалите им ги додели градоначалникот Коце Трајановски.




- Ми претставува особено задоволство што во изминативе три дена на овие терени гледавме квалитетни натпревари во одбојка на песок. Ова Балканско сениорско првенство влезе во календарот на Светската федерација за одбојка на песок - рече градоначалникот Трајановски.

Второто место на овој турнир го заземаа двојките Бус/Смултеа од Романија,





во женска конкуренција и Антониќ/Галешев од Србија, во машка конкуренција. На третото место се пласираа двојките Малинова/Сланчева од Бугарија, во женска конкуренција и Колев/Митев од Бугарија, во машка конкуренција.



Балканското сениорско првенство во одбојка на песок „Скопје 2013“ се одржа во организација на Град Скопје и на Одбојкарската федерација на Македонија. Покровител на турнирот е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

На турнирот, покрај две репрезентативни машки и две женски одбојкарски двојки од Македонија, учествуваа екипи од 8 балкански држави: Србија, Романија, Албанија, Турција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора и Молдавија. Скопје за првпат беше домаќин на сениорско Балканско првенство во одбојка на песок, со најголем број учесници, над 50 натпреварувачи и околу 10 официјални лица, делегати и меѓународни судии. Натпреварите се играа пред преполни трибини.




СКОПЈЕ
26·7·1963
СЕ СЕЌАВА
50 ГОДИНИ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ
SKOPJE THANKS YOU
26/7/1963
50 YEARS SINCE THE EARTHQUAKE
SHKUPI
26·7·1963
KUJTON
50 VITE PAS TËRMETIT
O SKOPJE
26·7·1963
NA BISTROLA
50 BERŠA TARI ZERZELA
СКОПЉЕ
26·7·1963
СЕ СЕЋА
50 ГОДИНА ПОСЛЕ ЗЕМЉОТРЕСА
ÜSKÜP
26·7·1963
HATIRLIYOR
50 YIL DEPREMDEN SONRA
O SKOPJE
26·7·1963
NA BISTROLA
50 BERŠA TARI ZERZELA